Врз основа на член 5 став 3 од Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр. 80/99), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ И ЗА СОСТАВОТ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува програмата и начинот на полагање на стручниот испит за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: стручен испит) и составот на испитната комисија.

## II. ПРОГРАМА И НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

### Член 2

Стручниот испит се полага според Програмата за полагање на стручниот испит (во натамошниот текст: Програма), која е утврдена во прилог број 1 и е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Стручниот испит се состои од писмен и усмен дел.

Стручниот испит се спроведува во траење од најмногу два дена.

Прво се полага писмениот дел од испитот, во еден ден, кој се состои во изработка на писмен предмет, односно решавање на определен случај од праксата со примена на прописите од областите на стручните предмети од Програмата.

Кандидатите кои го положиле писмениот дел од испитот, го полагаат усниот дел од испитот, најдоцна во рок од 8 дена од денот на полагањето на писмениот дел.

Усниот испит се состои од проверка на знаењето од писмениот дел од испитот и проверка на знаењето по сите стручни предмети.

Успехот на кандидатот на стручниот испит се оценува со "го положи стручниот испит" или "не го положи стручниот испит".

### Член 4

Кандидатот кој на усниот испит не покажал задоволителни резултати по еден предмет од Програмата, може да полага поправен испит само по тој предмет, во рок кој не може да биде пократок од еден месец, ниту подолг од три месеци од денот на полагањето на истиот.

Кандидатот кој во рокот определен во став 1 на овој член, не се пријави за поправен испит или на поправниот испит не покаже задоволителни резултати, се смета дека испитот не го положил.

### Член 5

Кандидатот кој не го положил стручниот испит може повторно да полага, најрано 30 дена од денот на последното полагање.

### Член 6

Стручниот испит се полага пред испитната комисија, составена од претседател и два

члена, кои со решение на министерот за внатрешни работи се определени за време од две години.

Член 7

Комисијата одржува испит секој месец.

Претседателот на комисијата го определува денот и часот за полагање на стручниот испит, за што се известуваат пријавените кандидати најдоцна седум дена пред полагањето.

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 231-14055/1
21 април 2000 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Доста Димовска,** с.р.

Прилог бр. 1

**ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ
ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ**

Стручниот испит и проверката на знаењето на детективи се полага од следните стручни предмети:

I. Статусни права на граѓаните
1. Устав на РМ („Службен весник на РМ“ бр. 52/91, 1/92 и 31/98)
1.1 Основни слободи и права на човекот и граѓанинот
1.2 Организација на државната власт.
2. Закон за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ бр. 19/95 и 55/97)
2.1. Општи одредби
2.2. Делокруг и организација на мистерството
2.3. Посебни должности и овластувања на мнистерството и права и должности на овластените службени лица
2.4. Одговорност.
3. Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на РМ" бр. 36/92 и 12/93)
3.1. Живеалиште на граѓанинот
3.2. Престојувалиште на граѓанинот
4. Закон за матичен број на граѓанинот ("Службен весник на РМ“ бр. 36/92)
4.1. Значење на матичниот број
5. Закон за движење и престој на странците ("Службен весник на РМ" бр. 36/92, 66/92 и 26/93)
5.1. Патни исправи и визи
5.2. Привремен престој на странци во РМ
5.3. Постојан престој на странци во РМ
6. Закон за патните исправи на државјаните на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 67/92)
6.1. Видови патни исправи

6.2. Неиздавање односно одземање на патна исправа

7. Закон за набавување, поседување и носење оружје ("Службен весник на СРМ" бр. 22/81 - пречистен текст, 15/83, 51/88 и "Службен весник на РМ" бр. 26/93)

7.1. Видови оружје и дефиниција за секој вид

7.2. Забрането оружје

7.3. Одобрение за набавување на оружје

8. Закон за семејството ("Службен весник на РМ" бр. 80/92 и 9/96)

8.1. Брак и развод на брак

8.2. Родителско право

8.3. Издржување

8.4. Имотно-правни односи

8.5. Постапка пред суд

9. Закон за заштита на личните податоци ("Службен весник на РМ" бр. 12/94)

9.1.Општи одредби

9.2. Права и обврски на ракувачот со збирката на податоци и обезбедување на податоците

9.3. Каталог на збирки на податоци

9.4. Права, ограничувања и судска заштита на правата на лицето

9.5. Изнесување на лични податоци надвор од Република Македонија

II. Јавен ред

1. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир ("Службен весник на СРМ" бр. 8/84, 51/88, 19/90, 11/91 и "Службен весник на РМ" бр. 23/93)

1.1. Прекршоци против јавниот ред и мир

1.2. Видови казни за прекршоците

2. Закон за јавните собири ("Службен весник на РМ"бр. 55/95)

2.1. Услови за одржување на јавен собир

2.2. Должности на организаторот на јавниот собир

2.3. Прекинување на одржување на јавен собир

3. Закон за прекршоците ("Службен весник на РМ" бр. 15/97)

3.1. Поим на прекршок и органи надлежни за водење на прекршочна постапка

3.2. Одговорност и казнување за прекршоци

3.3. Застарување

3.4. Странки во прекршочна постапка и нивно застапување

3.5. Повикување и приведување

3.6. Поведување и тек на постапката

4. Закон за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98)

4.1. Функции на органите на управата

4.2. Организација, видови и делокруг

4.3. Надзор

5. Закон за општата управна постапка ("Службен весник на СРМ" бр. 47/86 - пречистен текст)

5.1. Начела на управната постапка

5.2. Надлежност

5.3. Странка и нејзино застапување

5.4. Заеднички претставник и полномошник

5.5. Поднесоци и доставување

5.6. Постапка до донесување на решение

5.7. Скратена постапка

5.8. Докажување

III. Казнено право
1. Кривичен законик ("Службен весник на РМ" бр. 37/96 и 80/99)
1.1. Кривично дело - поим
1.2. Пресметливост
1.3. Умисла и небрежност
1.4. Кривични дела кои се гонат по службена должност
1.5. Кривични дела кои се гонат по приватна тужба
2. Закон за кривичната постапка ("Службен весник на РМ" бр. 15/97)
2.1. Поим на кривична постапка
2.2. Учесници во кривичната постапка
2.3.Рокови
2.4. Кривична пријава, поднесување и постапка по истата
2.5. Истрага, поим, поведување и спроведување
2.6. Постапка со притворениците

IV. Заштита на лица и имот
1. Закон за детективска дејност ("Службен весник на РМ“бр. 80/99)
1.1. Поим на детективска дејност и работи кои не можат да ги вршат приватните детективи
1.2. Услови за издавање на лиценца за вршење на детективска дејност
1.3. Права и должности на приватниот детектив
1.4. Услови и начин на вршење на детективска дејност
2. Закон за обезбедување на лица и имот ("Службен весник на РМ" бр. 80/99)
2.1.Општи одредби
2.2. Услови за издавање лиценца за вршење на обезбедување на лица и имот
2.3. Права и должности на правните лица и работниците кои вршат обезбедување на лица и имот
2.4. Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот

V. Криминалистика
1. Основни криминалистички начела
2. Начело на дискретност, чување на службена тајна
3. Начини на кои се дознава за подготвување или извршување на кривично дело
4. Главни прашања на криминалистиката
5. Тактика на откривање и користење на тајно договарање помеѓу криминалците
6. Увид
7. Траги
8. Методика на постапување при расветлување на кривично дело
9. Вештачење
10. Претрес на стан, други простории и возила -планирање и тактика

ЛИТЕРАТУРА:
- Криминалистичка тактика
- Криминалистичка техника
- Криминалистичка методика
Од кој било автор

VI. Криминологија и Психологија (од кој било автор)
1. Криминологија

1.1. Имотен криминалитет
1.2. Кражби и ситни кражби
1.3. Измами
1.4. Имотни деликти на штета на уметнички дела, споменици и културни добра
1.5. Измама на потрошувачот
1.6. Интерни каражби и проневери
2. Психологија
1.1. Одбранбени механизми
1.2. Предрасуди
1.3. Ставови
1.4. Халоефект.

Правни извори за полагање на стручниот испит се и сите измени и дополнувања на прописите утврдени со Програмата, кои ќе влезат во сила по влегувањето на овој правилник во сила.